**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# ПРОГРАМА

# ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2019

Изработил:
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 46 од Статут на Општина Сопиште (Службен гласник на општина Сопиште бр. 2/97), член 3 став 3, член 11, член 12 и член 24 став 2 Законот за социјална заштита (консолидиран текст септември 2015), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за социјална заштита на територија на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Социјална заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Врвна цел на развојот е да се подобри и зголеми човечката добросостојба и квалитетот на животот за сите луѓе. Луѓето треба да се во центарот на планирањето на развојот, односно економијата треба да се насочи кон поефикасно задоволување на човечките потреби. Праведниот развој е неопходна основа за севкупен развој и важен фактор за искоренување на сиромаштијата.

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и на неспособните граѓани за работа, посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата за социјална заштита на територија на општина Сопиште е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризиците на кои се изложени, и вооедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

Под социјален ризик, во смисла на Законот за социјална заштита се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)

- ризици на старост и страеење
- ризици на еднородителско семејство
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните,националните и локалните документи во овие области. Приоритетите и мерките на програмата ќе бидат определени врз основа на анализа на состојбите на целокупната сфера на социјалното живеење и идентификуваните проблеми во неа.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со мерки и активности на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел за надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

При изготвување на развојните програми за специфичните потреби за социјална заштита на граѓаните , особено внимание треба да се обрне на воведување на механизми на следење на планираните активности и одржливоста на секоја планирана активност.

Граѓаните од населените места во Општина Сопиште може да добијат информации кои се однесуваат за остварување на правата од социјалната заштита односно да добијат прва социјална услуга. Под прва социјална услуга се подразбира согледување на состојбата во која се нашол граѓанинот и насочување во соодветна институција за да го оствари своето социјлано право.

## 4. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите на Општина Сопиште во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за оставрување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи

- Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства
- Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди
- Промовирање на родовата рамноправност
- Грижа за старите лица
- Реализација на активности по стратешки документи
- Вклучување во партнерските проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации.

Социјалниот развој сумарно може да се дефинира и како процес на организирање на човечката енергија и активности на повисоки нивоа за постигнување поголеми резултати.

Развојот во основа го зголемува искористувањето на човечкиот потенцијал и овозможување создавање поголеми материјални и други добра од интерес на луѓето.

## 5. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за социјална заштита ќе ги реализира Општина Сопиште во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за социјална заштита на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

### 6.1. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 150.000,оо |
| **ВКУПНО** | **150.000,оо** |

## 6.2. БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| БУЏЕТ 2019 | ДЕНАРИ |
|---|---|
| **Еднократна парична помош**<br>- Помош за социјално загрозени семејства<br>- Помош за социјално маргинализирани групи | 150.000,оо |
| **ВКУПНО** | **150.000,оо** |

## 7. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата е задолжен Градоначалникот и Одделението за локален економски развој на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

_______________________
Јане Мицевски